Надежда ЦВЕТКОВСКА,
Лидија ЃУРКОВА
Институт за национална историја – Скопје

УДК 338.431:314.8 (497.751) “1931“

# АГРАРНАТА СТРУКТУРА НА ТЕТОВСКИОТ ОКРУГ (според пописот на населението од 31 март 1931 година)

Познавањето на аграрната структура е една од основните претпоставки за објективното толкување и осветлување на историските процеси и настани на една држава воопшто и посебно на одделни региони, бидејќи таа има силно влијание и се одразува на социјалната структура на населението. Оттука, сеопфатното проучување на историјата на Македонија од кој било период, па и на овој од времето на Кралството на СХС/Југославија кога вардарскиот дел на Македонија е во неговите територијални рамки, го прави неопходно и истражувањето на аграрната структура. Резултатите од пописот на населението од 31 март 1931 година, како единствен извор од овој вид, ја даваат мошне исцрпно не само аграрната структура на вардарскиот дел на Македонија туку и на секој округ и околија поодделно. Врз основа на резултатите од овој попис и на податоците во некои Статистички годишници, може да се согледа и аграрната структура на Тетовскиот округ како административно-територијална единица во вардарскиот дел на Македонија. Овој округ го сочинуваат 4 околии: Галичка, со околиски центар во Ростуше; Горнополошка, со околиски центар во Гостивар; Долнополошка со околиски центар во Тетово, и Поречка, со околиски центар во Јужен Брод (денешен Македонски Брод). Во Тетовскиот округ имало вкупно 134 440

жители, од кои 104 636, или 70,83%, биле земјоделско население, а 29 704, или 24,27%, биле неземјоделско население.[1]

Поединечно по околии, структурата на населението е следната:

– во Галичката околија, од вкупно 12 051 жител, бројот на земјоделското население изнесувал 5 071, или 42,08%, а на неземјоделското население – 6980, или 57,92%;

– во Горнополошката околија, од вкупно 32 666 жители, бројот на неземјоделското население изнесувал 26 073 жители, или 79,82%, а на неземјоделското население – 6593, или 20,18%;

– во Долнополошката околија, од вкупно 70 983 жители, бројот на земјоделското население изнесувал 55 451 жител, или 78,12%, а на неземјоделското население – 15 532, или 21,82%;

– во Поречката околија, од вкупно 18 740 жители, бројот на земјоделското население изнесувал 18 041 жител, или 96,28%, а на неземјоделското население – 699, или 3,72%.[2]

Во Тетовскиот округ, од вкупно 24 261 домаќинство, бројот на земјоделските домаќинства изнесувал 20 600, или 84,10% .[3]

Во зависност од големината и од бројот на населението во градовите кои биле околиски центри на околиите во округот, меѓу нив се јавуваат значителни разлики во процентот на земјоделските домаќинства. Тоа значи дека градот влијаел на различната застапеност на земјоделските домаќинства во околиите на еден ист округ, што може да се види од приложената табела.[4]

| Округ | Околија | Земјоделски и неземјоделски домаќинства по околии | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Број на домаќинства | Земјоделски домаќинства | % |
| Тетовски | Галичка | 2 852 | 2 449 | 85,87 |
| | Горнополошка | 5 932 | 5 049 | 85,11 |
| | Долнополошка | 12 240 | 9 905 | 80,92 |
| | Поречка | 3 237 | 3 197 | 98,76 |
| Вкупно | | 24 261 | 20 600 | 84,10 |

[1] *Дефинитивни резултати пописа становништва од 31 марта 1931 година*, књ. I, Присутно становништво, број кућа и домаћинстава, Београд, 1937, 266-271, 284-285; *Статистички годишњак Краљевине Југославије 1937*, књига VII, Краљевина Југославија, Општа државна статистика, Београд, 1938, 108-111.

[2] *Дефинитивни резултати пописа становништва,*320-333.

[3] *Дефинитивни резултати пописа становништва,*117-121; *Статистички годишњак*, 108-111.

[4] *Дефинитивни резултати пописа становништва,*117-121; *Статистички годишњак*, 108-111.

За структурата на земјоделските имоти во варадрскиот дел на Македонија, па во тој контекст и во Тетовскиот округ, во периодот меѓу двете светски војни, постојат податоци само од 1931 година. Врз основа само на еден попис и со податоци што ја утврдиле состојбата кон средината на дваесет и тригодишниот меѓувоен период не можат да се проследат сите многубројни и различни промени што неизбежно настапиле во структурата на земјоделските имоти.

Пописот од 1931 година е единствен показател за да се утврди имотната структура во земјоделството и во Тетовскиот округ. Имено, според овој попис, структурата на 20 600 земјоделски имоти на подрачјето на Тетовскиот округ била следната:

– земјоделски имоти од 0,01 до 0,50 хектари биле 3 513, или 17,05%;

– земјоделски имоти од 0,51 до 1,00 хектари биле 2 925, или 14,20%;

– земјоделски имоти од 1 до 2 хектари биле 5 011, или 24,32%;

– земјоделски имоти од 2 до 5 хектари биле 6 993, или 33,95%;

– земјоделски имоти од 5 до 10 хектари биле 1 828, или 8,87%;

– земјоделски имоти од 10 до 20 хектари биле 280, или 1,36%;

– земјоделски имоти од 20 до 50 хектари биле 41, или 0,20%;

– земјоделски имоти од 50 до 100 хектари биле 5, или 0,02%;

– земјоделски имоти од 100 до 200 хектари биле 2, или 0,01%;

– земјоделски имоти преку 500 хектари немало.[5]

Всушност, Тетовскиот округ бил подрачје во кое преовладувале ситните земјоделски имоти од 1 до 5 хектари, чиј број изнесувал 18 432, или 89,52%. Бројот на земјоделски имоти со средна големина, т.е. од 10 до 20 хектари изнесувал 2 149, или 9,93%. Крупните земјоделски имоти од 100 до 500 хектари биле застапени во мал број, само 9, или 0,04%. Пописот на земјоделските имоти од 31 март 1931 година дава можност да се разгледаат разликите во аграрната структура присутни и меѓу околиите што биле во рамките на Тетовскиот округ.

Структурата на земјоделските имоти во четирите околии што му припаѓале на Тетовскиот округ може да се види од приложената табела.[6]

---

[5] *Дефинитивни резултати пописа становништва,* 117-121; *Статистички годишњак*, 108-111.

[6] *Дефинитивни резултати пописа становништва,* 117-121; *Статистички годишњак*, 108-111.

| | | Структура на земјоделските имоти по околии | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Околија | Имоти | 0,01-0,50 | 0,50-1,00 | 1-2 | 2-5 | 5-10 | 10-20 | 20-50 | 50-100 | 100-200 | 200-500 | Вкупно |
| Галичка | Број | 1 561 | 425 | 247 | 171 | 39 | 4- | - | - | 1 | 1 | 2 449 |
| | % | 63,74 | 17,35 | 10,08 | 6,98 | 1,59 | 0,16 | - | - | 0,04 | 0,04 | 100 |
| Горнопо-лошка | Број | 568 | 736 | 1 289 | 1 904 | 492 | 55 | 5 | - | - | - | 5 049 |
| | % | 11,25 | 14,58 | 25,53 | 37,71 | 9,74 | 1,09 | 0,10 | - | - | - | 100 |
| Долнопо-лошка | Број | 125 | 1 342 | 2 455 | 3 626 | 1 043 | 174 | 25 | 3 | 1 | 1 | 9 905 |
| | % | 12,47 | 13,55 | 24,78 | 36,61 | 10,53 | 1,76 | 0,25 | 0,03 | 0,01 | 0,01 | 100 |
| Поречка | Број | 149 | 422 | 1 020 | 1 292 | 254 | 47 | 11 | 2 | - | - | 3 197 |
| | % | 4,66 | 13,20 | 31,90 | 40,41 | 7,94 | 1,47 | 0,34 | 0,06 | - | - | 100 |

Наведените податоци покажуваат дека ситните земјоделски имоти до 5 хектари биле најбројни во ридско-планинските подрачја. Така, во Галичката околија земјоделските имоти од 0,01 до 0,50 хектари изнесувале дури 63,74%, додека во Поречката околија само 4,66%. Инаку, категоријата земјоделски имоти меѓу 20 и 50 хектари воопшто не биле присутни во Галичката околија. Исто така, и земјоделските имоти меѓу 50 и 100 хектари не постоеле во Галичката и во Горнополошката околија. Во Поречката и во Горнополошката околија не биле присутни земјоделските имоти од 100 до 200 и од 200 до 500 хектари. Најмногу земјоделски имоти имало во Долнополошката, а најмалку во Галичката околија.

Според пописот од 31 март 1931 година може да се согледа и површината на земјоделските имоти. Во Тетовскиот округ вкупната површина што ја опфаќале земјоделските имоти изнесувала 51 744 хектари. Површината на земјоделските имоти во Тетовскиот округ, според нивната големина, била следната:

– земјоделските имоти од 0,01 до 0,50 хектари опфаќале површина од 1 072 хектари, или 2,07%;

– земјоделските имоти од 0,50 до 1,00 хектар опфаќале површина од 2 340 хектари, или 4,52%;

– земјоделските имоти од 1 до 2 хектари опфаќале површина од 7 457 хектари, или 14,41%;

– земјоделските имоти од 2 до 5 хектари опфаќале површина од 22 352 хектари, или 43,20%;

– земјоделските имоти од 5 до 10 хектари опфаќале површина од 12 786 хектари, или 24,71%;

– земјоделските имоти од 10 до 20 хектари опфаќале површина од 3 658 хектари, или 7,07 %;

– земјоделските имоти од 20 до 50 хектари опфаќале површина од 932 хектари, или 1,80%;

– земјоделските имоти од 50 до 100 хектари опфаќале површина од 285 хектари, или 0,55%;

– земјоделските имоти од 100 до 200 хектари опфаќале површина од 204 хектари, или 0,39%;

– земјоделските имоти од 200 до 500 хектари опфаќале површина од 658 хектари, или 1,27%.[7]

Малите и ситни земјоделски имоти до 5 хектари во сите окрузи во вардарскиот дел на Македонија, вклучувајќи го и Тетовскиот округ, редовно имале помал процент на вкупната површина отколку што е процентот на нивното учество во вкупниот број земјоделски имоти. Така, на пример, во Тетовскиот округ сите земјоделски имоти од 0,01 до 0,50 хектари претставувале 17,05% од сите земјоделски имоти, но зафаќале само 2,07% од вкупната површина.

Исто така, според пописот од 31 март 1931 година можат да се согледаат и разликите што постоеле во поглед на големината на површината на земјоделските имоти во околината што биле во составот на Тетовскиот округ, што може да се види од приложената табела:[8]

| Околија | Површина | Површина на земјоделските имоти по околии | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0,01-0,50 | 0,50-1,00 | 1-2 | 2-5 | 5-10 | 10-20 | 20-50 | 50-100 | 100-200 | 200-500 | Преку 500 | Вкупно |
| Галичка | ха<br>% | 360<br>16,47 | 302<br>13,82 | 353<br>16,15 | 527<br>24,12 | 263<br>12,04 | 50<br>2,29 | -<br>- | -<br>- | 102<br>4,47 | 228<br>10,43 | -<br>- | 2 185<br>100 |
| Горнополошка | ха<br>% | 191<br>1,48 | 583<br>4,52 | 1 949<br>15,11 | 6 000<br>46,53 | 3 333<br>25,84 | 713<br>5,53 | 127<br>0,98 | -<br>- | -<br>- | -<br>- | -<br>- | 12 896<br>100 |
| Долнополошка | ха<br>% | 386<br>1,38 | 1 085<br>3,89 | 3 791<br>13,58 | 11 755<br>42,14 | 7 149<br>25,62 | 2 301<br>8,25 | 703<br>2,52 | 202<br>0,72 | 102<br>0,36 | 430<br>1,54 | -<br>- | 27 904<br>100 |
| Поречка | ха<br>% | 135<br>1,54 | 370<br>4,22 | 1 364<br>15,57 | 4 070<br>46,47 | 2 041<br>23,30 | 594<br>6,78 | 102<br>1,16 | 83<br>0,95 | -<br>- | -<br>- | -<br>- | 8 759<br>100 |

Од табелата може да се види дека меѓу околиите во Тетовскиот округ најмала површина имале земјоделските имоти во Галичката околија, а најголема во Долнополошката околија. Инаку, во сите околии во овој округ, освен во некои исклучоци, преовладувале земјоделските имоти со површина од 1 до 10 хектари.

Во вардарскиот дел на Македонија, а во таа смисла и во Тетовскиот округ, одделни околии се разликувале и во поглед на опременоста на земјоделските имоти со стока, земјоделски инвентар, потоа во процентот на имотите што купувале жито за исхрана (леб), како и во бројот на наемничарите и на печалбарите. Меѓутоа, во

[7] *Дефинитивни резултати пописа становништва,*117-121; *Статистички годишњак*, 108-111.
[8] *Дефинитивни резултати пописа становништва,*117-121; *Статистички годишњак*, 108-111.

вардарскиот дел на Македонија, а истото се однесува и на Тетовскиот округ кој бил повеќе сточарско подрачје, на земјоделските имоти помалку им недостигала работна стока. Процентот на земјоделските имоти без работна стока во околиите во Тетовскиот округ бил следниот: во Галичката околија – 27,95%; во Горнополошката околија – 16,57%; во Долнополошката околија – 12,31% и во Поречката околија – 5,24%.[9]

Процентот на земјоделските имоти што купувале жито за исхрана (леб) во околиите во Тетовскиот округ бил следниот: во Галичката околија – 55,61%; во Горнополошката околија – 52,24%; во Долнополошката околија – 46,31% и во Поречката околија – 39,68%. Пченкарен леб најмногу се користел во Галичката околија, чиј процент изнесувал 42,31% од годишното потрошено количество леб.[10]

Поради различни економски причини, од околиите во Тетовскиот округ бил различен бројот на селаните кои оделе во наем. Така, во Галичката околија тој број изнесувал 262, во Горнополошката околија – 750; во Долнополошката околија – 1 207 и во Поречката околија – 305.[11] Зголемувањето и заострувањето на кризата во земјоделството имало за последица и зголемување на бројот на наемничарите, односно печалбарите. Кон средината на XX век, според официјалниот извештај на Берзата на трудот во Скопје за 22 околии во вардарскиот дел на Македонија, на печалба заминале 36 307 селани, а тој број во Тетовскиот округ изнесувал 10 387. По околии, тој број бил следниот: од Галичката околија – 4 080; од Горнополошката – 2 091; од Долнополошката околија – 1 803 и од Поречката околија – 403.[12]

Сите овие податоци јасно ја покажуваат аграрната структура на Тетовскиот округ во 30-тите години на XX век.

[9] Милан Комадинић, *Проблем сељачких дугова*, Београд, 1934 (табели).
[10] Потрошња хлебног жита у Југославији (Београд, 1928), 11.
[11] Комадинић, *Проблем сељачких дугова* (табели).
[12] Комадинић, *Проблем сељачких дугова* (табели).

Nadezhda CVETKOVSKA, Lidija GJURKOVA

## AGRARIAN STRUCTURE OF THE TETOVO DISTRICT (ACCORDING TO THE CENSUS OF 31 MARCH 1931)

*– s u m m a r y –*

The Tetovo district as an administrative - territorial unit in the Vardar part of Macedonia, which in the period between the two World Wars was part of the Kingdom of SCS / Yugoslavia, consisted of 4 districts: Galichka, Gornopoloshka, Dolnopoloshka and Poreche.

The census of 31 March 1931, as the only source of this type, provides a thorough representation of the agrarian structure of the Tetovo district as a whole, and in each district individually. The results of this census are: the number of residents (agricultural and non-agricultural population); the number of agricultural households, the structure of agricultural property, as well as their surface. Moreover, it presents the difference in terms of cattle at the agricultural property, agricultural inventory, percentage of agricultural properties which purchased wheat for food (bread), and the number of paid agricultural workers and migrant workers. The presented data clearly demonstrate the agrarian structure in the Tetovo district in the 1930s`.